СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Шеесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 април 1993 година

Скопје, април 1993 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД 60-тата СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА НА 13 АПРИЛ 1993 ГОДИНА**


1. АЛИУ ЕШТРЕФ – 5, 7 Дневен ред стр.2
2. АНДОВ СТОЈАН – 11, 48
3. АБДИ ФАИК - 31
4. АНАСТАСОВСКИ МИТКО - 35
5. АЛИТИ АБДУРАХМАН - 39
6. ГЕОРГИЕВСКИ ЉУПЧО – 33, 35
7. ГРОЗДАНОВСКИ ДРАГИ - 32
8. ДИМОВСКА ДОСТА - 6
9. ЃОРЧЕВСКИ БОРКО – 31, 35
10. КРСТЕВСКИ НИКОЛА - 18
11. ЛАЗАРЕВСКА БИЛЈАНА - 7
12. МЛАДЕНОВ ВАНЧО – 43, 45
13. ПАНОВСКИ МИХАИЛ – 19, 22, 23, 26, 28, 36
14. ПЕТКОВСКИ ТИТО – 9, 42
15. ПОЛОЖАНИ МЕРСИМ - 17
16. СТОЈАНОВА СЛАВЈАНКА – 28, 30
17. СТЕФКОВСКИ ТОМИСЛАВ – 2, 4, 5, 37, 38, 47
18. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 8, 39
19. ТРПЕВСКИ ЉУПЧО – 27, 34
20. ХАЈРЕДИНИ ЏЕВДЕТ – (Влада-министер за финансии) 23, 24, 25, 32, 34, 36..
21. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО – 4, 16
22. ЏАФЕРОВСКИ АЛИЛ - 49


- седницата продолжува -

I/1.ПЈ/ЉР

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Шеесеттата седница на Собранието на Република Македонија,**

**одржана на 13 април 1993 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,25 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Шеесеттата седница іа Собранието на Република Македонија.

Пратениците Александар Гештаковски, Ристо Стаменов, .оубисав Иванов, Благоја Чкатроски, Јован Манчевски и Владимир Митевски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

За седницата поканети се: Претседателот на Република Македонија, Киро Глигоров, претседателот, потпретседателите и членовите на Владата на Република Македонија.

Ве известувам дека при утврдувањето на дневниот ред на 59-та седница се договоривме на оваа седница да бидат на дневен ред точките што се содржани во предлогот на дневниот ред, на решението за свикување на оваа седница.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

1. Предлог на закон за наследуваше на членството во Меѓународниот фонд од страна на Република Македонија.

2. Предлог на закон за правното наследство на РМ на членството во Меѓународната банка за обнова и развој, Меѓународната финансиска корпорација, Меѓународното здружение за развој и Мултилатералната агенција за гарантирање на инвестиции и за ефектуирање на членството на РМ во Европската банка за обнова и развој.

3. Интерпелација за работата на членот на Владата на РМ и министер за внатрешни работи д-р Љубомир Фрчковски,

4. Интерпелација за работата на членот на Владата на РМ и министер за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија Антони Пешев. управа.

5. Именување заменици и министри,

6. Предлог на одлука за именување директор на Царинската

Дали некој бара збор?

Бара збор г-дин Стефковски:

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, мислам дека денеска е прв пат претседателот да постапи како што треба кога се работи за утврдување на дневниот ред, а имено во досегашната практика веднаш штом ќе го прочиташе предлогот на дневниот ред, го ставаше на гласање, така што настанувaa одредени недоразбирања. Мислам дека ова е добро и во иднина треба така да се практикува. Излегов на говорницата да кажам нашето мислење и нашето барање во врска со дневниот ред на 60-тата седница.

Сметаме дека само првите 2 точки и 6-тата точка може да бидат предмет на расправа на 60-тата седница. Точките 3 и 4 кои се однесуваат за интерпелацијата за работата на министерот за внатрешни работи д-р Љубомир Фрчковски и на министерот за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија Антони Пешев се тесно поврзани со расправата која што треба да се води во врска со незавршената 56-та седница на Собранието. Да ве потсетам дека 56-тата седница остана незавршена со 4 точки од кои една е извештајот на Комисијата за работата на Службата за државна безбедност и информациите кои се врзани за настаните во Горче Петров, Бит Пазар, Радолишта и слично за кои што сеуште Владата не достави информации, иако зеде обврска дека ќе достави информации и тоа ќе биде основ за расправа.

Оттука, цениме дека за интерпелациите може да се расправа само по завршувањето на 56-тата седница, а никако сега. Предлагам овие две прашања да не се утврдат како точки на 60-тата седница, туку на некоја подоцнежна по завршувањето на 56-тата седница. Со ова мислам дека ќе се одбегне еден впечаток дека имаме типична режија на дневните редови на седниците на Собранието.

Во однос на точката 5 именување заменици и министри сметам дека не треба да се стави на дневен ред, исто така, денес од причина што оваа точка беше како табу тема, па дури денеска пратениците ја добија во салата примерок од предлозите за именување заменици и министри. Не знам од кои причини се раководеше претседателот на Собранието за вакво постапување, па оттука сметам дека треба на опозицијата да и се даде можност за потемелно да ги разгледа предлозите за именуваше пратеници на министри.

Оттука, да бидам прецизен, ние предлагаме за оваа седница да бидат само точките 1, 2 и б, а другите за наредна седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Точките 3 и 4 на дневен ред ги ставив јас што би се рекло по службена должност. Затоа што дојде време, изминаа 30-те дена и треба да се стави. Меѓутоа, сосема сериозно треба овие аргументи да ги процениме и да одлучиме дали ќе останат на дневен ред, или ќе ги одложиме за понатаму.

Имаме предлог за точките 3 и 4 да не бидат уврстени на денешната седница.

Кој е за, молам да крене рака?

За збор се јави г-дин Љупчо Поповски.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, од излагањето на координаторот на Пратеничката група ВМРО-ДПМНЕ не добив или не се стекна впечаток дали тоа значи воедно и повлекување на тие две интерпелации. Треба да биде многу јасен, бидејќи тие се ставени на дневен ред.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, ако внимателно бев следен јас не го употребив зборот повлекување, па според тоа бев многу јасен,. Јас предлагам дека по овие точки може да се стават на било која наредна седница, но по завршувањето на 56-тата седница. Мислам дека сум толку јасен, така што нема потреба од никакво натамошно објаснување.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Се разбира дека координаторот на парламентарната група која што е и поднесувач на двете интерпелации има право да го каже својот став. Меѓутоа, не може без конечно долго по одделни членови на Владата да се држат во статус на покрената интерпелација. И неслучајно постои рок од 30

дена за тоа прашање да се реши. Ако некому природно изгледа дека интерпелација треба да се гледа откако ќе завршат точките кои што се на дневен ред на 56-тата седница има многу едноставен начин. Предлагачот може интерпелациите сега да ги повлече, па кога ќе бидат расправите на Ѓорче Петров итн., да покрене интерпелација. Меѓутоа, не може да се држи член на Влада под интерпелација со месеци за да се доведува во прашање неговиот легитимитет и начинот на кој што ја врши својата функција. Секогаш има право доколку се поднесе оваа интерпелација, повторно да се покрене интерпелација за некој член на Владата.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Мислам дека претседателот на Собранието беше во право кога рече дека тој ги ставил на дневен ред, а исто така ценам дека ќе биде во право ако веднаш во утрешниот ден ја закаже 56-тата седница и со договор по завршувањето на 56-тата седница да продолжиме со интерпелациите како 61-ва седница и во тоа се надминува проблемот.

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Претседателот и овој пат е од страна на опозицијата. Ние не треба секогаш по теркот на опозицијата да држиме посебни седници. Треба да оцениме дека и дебело да се оправда зошто тоа така се прави. Јас воопшто не се лутам, дури ценам дека е доста коректен настапот да се повлече. Но, треба до крај да се разбереме. Што тоа подразбира? И никој никого не го забранува да ги актуализира кога треба и кога му одговара. Меѓутоа да се одреди седница по исто прашаше поради една непреммност, неготовност за расправа или ради оценка дека денеска не ми изгледа денот добар, тоа е проблем на тој што иницијативите ги дава и проблемите ги активизира. Ние

вака во Собранието не можеме да работиме. За овие работи, го молам претседателот до крај да се изјасни. Треба да се уважи објаснувањето на премиерот. Дури тогаш, овие точки ако денес не расправаме, ќе сметаме дека се повлечени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само една напомена. Јас изгледа на сите треба да им докажувам дека претседателот не смее да биде ни на едната, ни на другата страна. И не е ни на едната, ни на другата страна и дотогаш има смисла функцијата претседател на Собранието. Јас во постапката морам да обезбедам исти права и за опозицијата и за позицијата. Тоа е она што го правиме. А г-динот Ешреф упорно ме турка на едната страна, други, па на другата страна. Тоа сакав да ви кажам дека во договарање на постапката мора да има еднакво право позицијата и опозицијата. А после со гласање се одлучува.

**ДОСТА ДИМОВСКА:**

Почитувани пратеници, не можев во оваа сала некој говорник да ја обвинува опозицијата за 4 незавршени седници, вклучително и на 56-тата седница на која што на дневен ред се многу важни информации кои што се однесуваат на работата токму на овие две министерства и на најодговорните луѓе на г-динот министер на полицијата Љубомир Фрчковски и министерот за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија г-динот Антони Пешев. Треба, доколку сакаме ефикасно да работиме како Парламент, да ги респектираме аргументите на предлагачот, тоа е пратеничката група ВМРП-ДПМНЕ. Имено,да се заврши 56-тата седница, да се разгледаат овие информации по кои што ќе има расправа, а ние неслучајно ги врзуваме интерпелациите со расправата по четирите информации, бидејќи во расправата ќе бидат истакнати голем број; на аргументи, кои што се однесуваат на работата на овие две министерства. Ако сакаме да расправаме сериозно за работата на министерствата, ве

молам, да го уважите овој предлогот на опозицијата да се заврши 56-тата седница и овие точки на дневен ред да бидат после завршувањето на 56-тата седница.

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Господинот Алиу на една од претходните седници се изјасни дека нема потреба да разговара со опозицијата и неговиот настап мене воопшто, навистина, не ме изненади, затоа што човекот се изјасни за тоа. Но, затоа пак ме изненади настапот на премиерот кој што смета дека и со право смета дека еден министер не може да биде под сомневање толку долго време, само ние знаеме дека потпретседателот на Влада беше под оставка неколку месеци, па немаше реакција за тоа. Сметам дека треба да се уважи овој предлог на предлагачот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Се договараме за дневниот ред.

Г-дин Алиу

**ЕШРЕФ АЛИУ:**

Тоа што делумно ја изнесе почитуваната дама е така но не кажа дека јас подвлеков во овој миг и за темата за која расправавме. Инаку, со опозицијата би било многу глупо од мене да кажам дека прекинувам дијалог и немам потреба да кореспондира: Тоа се тука 35, 40 или колку личности. Ние како пратеници да не комуницираме, тогаш на што личиме. Не би требало работите да се воопштуваат. Од една конкретна работа, сега да се нафрли н да се рече еве Ешреф Алиу, значи, со ниеден пратеник од ВМРО-ДПМНЕ не комуницираат, т.е. мислам дека е крајно невкусно, а јас со г-ѓа

Лазаревска и понатаму ќе комуницирам.

**СТОЈАН АНДОВ;**

За збор се јави г-дин Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали ова треба да се расправа денес или не, ќе треба навистина Собранието да одлучи. Меѓутоа, господа, јас не знам никого до сега од овде не сум псуел, не треба ни колегата да ме псуе, нема потреба и нема смисла. (еден од пратениците го прашува: Кој те псуе"?).

Сам ќе се каже кој ме псуел. Да кажам два збора. Ќе го следиме зборот на претседателот на Собранието. Јас овие две точки ги ставив на дневен ред по службена должност, затоа што поминаа 30 дена. Значи, тоа се словото на Законот. Меѓутоа,да го прашаме претседателот кое е словото на Законот да не се заврши 56-тата седница. До овде не може никој не може да бидеа во неизвесност, односно двајца министри. А дали целото Собрание дали ќе треба да бидеа во неизвесност со нерешавање и неизвршување на 4 седници. Ова е прашањето на кое што треба да му обратиме внимание. Ако сакаме да се псуеме и навредуваме, можеме секој ден и во секој момент.

Господа ако сакаме содржина таму се говори токму за настани во кои активно учество како одговорни министри на ресорот каде се бара известување, каде ќе се врши анализа за настаните, тие двајца господа се први личности. Сега ќе одговара, ќе разговараме дали е ова, а после ќе викаме дали има настан или нема настан. И што ќе добиеме од оваа говорница и горе од галеријата ќе се напише дискусија без аргументи. И во овој случај да ги прекинеме повеќе дискусиите без аргументи, дозволете, нека тоа се заврши 56-тата седница, нека претседателот сега пак се повика

на својата законска должност штом одредил седница, закажал ќе настојува и таа седница да се заврши. Затоа, предлагам, господо да одиме по редот на нештата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да претседателот настојува, но седниците завршуваат во Собранието, не ги завршува претседателот по своја волја,. Тоа е едно.

Второ, да ја објасниме законската страна. Под закон јас м орам да ја ставам интерпелацијата на дневен ред, а Собранието одлучува дали за неа да се расправа. Ако Собранието одлучи со мнозинство гласови да се расправа,предлагачот може да си ја повлече и да спречи да расправа по неа. Така, не е нерешливо прашањето.

Дали уште некој бара збор?

Бара збор г-динот Тито Петковски

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас само ќе ве потсетам, а сите го имате текстот на интерпелацијата зошто се бара интерпелација за работаа на членот на Владата г-дин Љубомир Фрчковски. Во интерпелацијата на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ се вели Министерот за внатрешни работи, член на Владата е одговорен за својата работа, за работата на органот со кој раководи, како и за севкупните состојби во органот како и во случаи кога не се придржува кон насоките на Собранието како и кон начелните ставови и насоки на Владата и не обезбедува основата на

спроведување на закони и други прописи". Ова е интерпелацијата на пратеничката група, а не се двата случаи, ве молам, за кои што се договориме тогаш да ги уврстиме на дневен ред. Вие тие случаи ги имате, извештаите ги имате, имате извештај на Комисијата за контрола на Службата за државна безбедност и тоа може да биде основ за барање одговорност за министерот. Предлагам и во име ш пратеничката група оваа точка да биде вклучена во дневниот ред за денешната седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот на господинот Стевковски, точката 3 Интерпелација за работата на членот на Владата на РМ и министер за внатрешни работи д-р Љубомир Фрчковски и точката 4 Интерпелација за работата на членот на Владата на РМ и министер за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија Антони Пешев да не бидат уврстени на дневниот ред на оваа седница , нека крене рака.

42 пратеници гласаа за.

Дали има некој против?

31 пратеник е против.

Дали некој се воздржува од гласање?

4 пратеници се воздржаа од гласање.

**РИСТО СТАНКОВСКИ:**

Барам поединечно гласање, бидејќи се сомневам во гласањето.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има 10 пратеници кои го поддржуваат овој предлог?

(Некои пратеници креваат рака).

Добро, има 10 пратеници кој го поддржуваат предлогот.

Секретарот Игор Спировски нека почне со прозивката.

Се гласа за предлогот на господинот Стевковски точките 3 и 4 од Решението за свикување на седница и тоа Интерпелацијата з работата на членот на Владата на РМ и министер за внатрешни работи д-р Љубомир Фрчковски и Интерпелација за работата на членот на Владата на РМ и министер за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија Антони Пешев да не бидат уврстени во дневниот ред на

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | против |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА | не е тука |
| 3. ЕШТРЕФ АЛИУ | против |
| 4. ХАМИД АЛИУ | против |
| 5. МИТКО АНАСТАСОВСКИ | за |
| 6. СТОЈАН АНДОВ | против |
| 7. ТИМЕ АНДОНОВ | за |
| 8. ГОЦЕ АНДОНОВСКИ | за |
| 9. НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ | не е тука |
| 10. ЛАМБЕ АРНАУДОВ | не е тука |
| 11. ДРАГИ АРСОВ | за |
| 12. БРАНКО АРСОВСКИ | за |
| 13. ДУШКО АРСОВСКИ | против |
| 14. ЃОРЃИ БОЈКОВСКИ | против |
| 15. ЈОРДАН БОШКОВ | не е тука |
| 16. ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ | за |
| 17. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | не е тука |
| 18. ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ | воздржан |
| 19. ПЕТАР ГОШЕВ | не е тука |
| 20. ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ | за |
| 21. САНДЕ ДАВЧЕВ | не е тука |
| 22. РАТКА ДИМИТРОВА | не е тука |
| 23. ДИМИТАР ДИМИТРОВСКИ | против |
| 24. ТОДОР ДИМОВ | воздржан |
| 25. ДОСТА ДИМОВСКА | за |
| 26. БОРКО ГОРЧЕВСКИ | за |

27. ДУШКО ГОРГЕВСКИ не е тука
28. ПЕТАР ГЕОРГИЕВ воздржан
29. ЗУДИ ЕМИНИ против
30. ЈОРДАН ЗАФИРОВ не е тука
31. ГОРАН ЗАФИРОВСКИ не е тука
32. НАСЕР ЗИБЕРИ не е тука
33. ВАСИЛ ЗИМБАКОВ против
34. ВАНЧО ЗЛАТАНОВ против
35. БОРИС ЗМЕЈКОВСКИ за
36. ИВАН ИВАНОВ воздржан
37. ЉУБОСАВ ИВАНОВ не е тука
38. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ не е тука
39. СИМЕОН ИВАНОВСКИ против
40. ЉУПЧО ЈАКИМОВСКИ не е тука
41. РИСТО ЈОВАНОВ воздржан
42.ЦВЕТАН ЈОВЧЕВСКИ за
43. РИСТО ЌЕЛЕШОВ не е тука
44. ТАШКО КИРОВ за
45. ЗОРАН КИТЕВ за
46. КИРИЛ КОВАЧЕВСКИ за
47. СТОЈАН КОВАЧЕВСКИ не е тука
48. ЃОРЃИ КОТЕВСКИ за
49. ЗОРАН КРСТЕВСКИ не е тука
50. НИКОЛА КРСТЕВСКИ за
51. БИЉАНА ЛАЗАРЕВСКА за
52. ВЕЦКО ЛИЧОСКИ не е тука
53. КОЛЕ ЛУЛОВСКИ за
54. ЕФТИМ МАНЕВ за

| | |
|---|---|
| 55. ЈОВАН МАНЧЕВСКИ | не е тука |
| 56.ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА | не е тука |
| 57. ФЛОРЕ МАСАЛКОВСКИ | не е тука |
| 58. МАРИН МИЛЕНКОВСКИ | против |
| 59. СТРАШО МИЛКОВСКИ | против |
| 60. ПАНЧО МИНОВ | против |
| 61. ВЛАДИМИР МИТЕВСКИ | не е тука |
| 62. ТРАЈАН МИЦЕВСКИ | не е тука |
| 63. ВАНЧО МЛАДЕНОВ | против |
| 64. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | против |
| 65. АВДИ МУРТЕЗАНИ | не е тука |
| 66. НАИФ МУСТАФА | не е тука |
| 67. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 68. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | против |
| 69. СИМЕОН НАУМОВСКИ | не е тука |
| 70. БОГДАН НЕДЕЛКОВСКИ | за |
| 71. ЈОВАН НИКОЛОВ | не е тука |
| 72. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | против |
| 73. МИХАИЛ ПАНОВСКИ | за |
| 74. ТОДОСИЕ ПАУНОВ | воздржан |
| 75. ТИТО ПЕТКОВСКИ | против |
| 76. ТОДОР ПЕТРОВ | за |
| 77. ТОМИСЛАВ ПЕЦАКОВ | за |
| 78. МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ | за |
| 79. ДИМИТАР ПОПОВСКИ | против |
| 80. КИРО ПОПОВСКИ | против |
| 81. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | против |
| 82. НИКОЛА ПОПОВСКИ | против |

| | |
|---|---|
| 83. ШАБАН ПРЕВАЛА | за |
| 84. БОЖО РАЈЧЕВСКИ | против |
| 85. ИСМЕТ РАМАДАНИ | не е тука |
| 86. ИВАН РАМБАБОВ | против |
| 87. ШУКРИ РАХИМИ | против |
| 88. ФЕРИД САДИКУ | воздржан |
| 89. НЕИМ СЕЛМАНИ | против |
| 90. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | против |
| 91. АЦО СПИРОВСКИ | не е тука |
| 92. РИСТО СТАМЕНОВ | не е тука |
| 93. РИСТО СТАНКОВСКИ | против |
| 94. ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ | за |
| 95. СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА | против |
| 96. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | против |
| 97. НИКОЛА СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 98. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 99. СТОИЛЕ СТОЈКОВ | не е тука |
| 100. ОЛЕМАН СУЛЕЈМАНИ | за |
| 101. ЏЕЛИЛ ТАИРИ | против |
| 102. ГОЦЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 103. ПЕТАР ТЕМЕЛКОВСКИ | за |
| 104. БЛАГОЈ ТОШЕВ | за |
| 105. ПЕТРЕ ТРАЈАНОВСКИ | против |
| 106. ПЕТРЕ ТРАЈКОВСКИ | за |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ | не е тука |
| 108. ДУШАН ТРПЧЕВСКИ | за |
| 109. АГИМ ФАЗЛИУ | не е тука |

| | | |
|---|---|---|
| 110. | АЛЕКСАНДАР ФЛОРОВСКИ | за |
| 111. | МУХАМЕД ХАЛИЛИ | против |
| 112. | АБДУРАХМАН ХАЛИТИ | против |
| 113. | БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ | против |
| 114. | СЕЈФЕДИН ХАРУНИ | за |
| 115. | СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ | против |
| 116. | НЕЏАТИ ЏАФЕРИ | против |
| 117. | АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ | против |
| 118. | ВЕБИ ЏЕМАИЛИ | против |
| 119. | БЛАГОЈА ЧКАТРОСКИ | не е тука |
| 120. | ХИСНИ ШАКИРИ | воздржан |

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вкупно гласаа 82 пратеници.

34 пратеници се за, 40 пратеници се против и 8 пратеници се воздржаа од гласање.

Според тоа, констатирам дека предлогот на господинот Стефковски за третата и четвртата точка не е усвоен.

Сега да се произнесеме за предлогот на господинот Стефковски за 5-та точка Именување заменици министри. Тој предложи и таа точка да не се разгледува денес.

Има збор претседателот на Владата на Република Македонија Бранко Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Со оглед на тоа дека предлагач на оваа точка сум јас, дури не е ни Владата туку јас како претседател на Владата, јас инсистирам таа точка да остане на дневниот ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Во тој случај предлогот на господинот Стефковски ќе го дадеме на гласање.

Кој е за предлогот на господинот Стефковски петтата точка Именување заменици министри да не биде уврстена на оваа седница на дневниот ред.

Кој е за, молам да крене рака.

27 пратеници гласаа за.

Според тоа, констатирам дека овој предлог не е усвоен.

**МЕРСИМ ПОЛОЖАНИ:**

Со оглед дека конкурсот беше заеднички за директор и заменик на директор, и постапката пред Комисијата за избори и именувања одеше така, меѓутоа, поради некои непредвидени работи имаше некои измени во нашиот предлог околу заменик директорот, така што предлагам и овој пат ова прашање да оди заедно, директор и заменик директор на царината. Но со оглед дека претходната постапка која требаше да се обави во Комисијата за избори и именувања не беше завршена поради немање кворум, ова прашање треба да се реши на пауза. Предлагам како точка 6 да одат директор и заменик на Царинската управа или да се повлече именувањето на директорот на Царинската управа, затоа што нема предлог на Комисијата за избори и именувања, а чии член сум и јас.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Претседателот на Комисијата за избори и именувања Никола Крстевски треба да даде појаснување, бидејќи таа Комисија е предлагач.

**НИКОЛА КРСТЕВСКИ.**

Може да се прошири дневниот ред. Меѓутоа, дојде до разидување на директор и заменик бидејќи Комисијата навремено утврди предлог за заменик врз основа на предлогот на пратеничката група, беше предложен пратеник. Меѓутоа, пратеничката група го повлече тој утврден предлог аз заменик директор на Царина на Македонија. Меѓутоа, ние имаме закажано состанок, во салата имаме доволно присутни од Комисијата, сметаме дека во паузата ќе изготвиме и нов предлог за заменик директор на Царината. Сметам дека може да се уврсти како посебна или најрационално да се прошири точката 6, бидејќи и во Законот се врзани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа, ќе го прочитам целиот предлог на дневен ред:

1. Предлог на закон за наследување на членството во Меѓународниот фонд од страна на Република Македонија;

2. Предлог на закон за правното наследство на Република Македонија на членството во Меѓународната банка за обнова и развој, Меѓународната финансиска корпорација, Меѓународното здружение за развој и Мултилатералната агенција за гарантирање на инвестиции и за ефектуирање на членството на Република Македонија во Европската банка за обнова и развој;

3. Интерпелација за работата на членот на Владата на РМ и министер за внатрешни работи д-р Љубомир Фрчковски;

4. Интерпелација за работата на членот на Владата на РМ и министер за урбанизам, градежништво, сообраќај и екологија Антони Пешев;

5. Именување заменици министри;

6. Предлог одлука за именување директор и заменик директор на Царинската управа;

Кој е за предлогот на дневниот ред, молам да крене рака?

54 пратеници гласаа за предлогот.

Дали има некој против?

6 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

11 пратеници се воздржаа од гласање.

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен.

Со оглед на тоа што првата и втората точка се од итен карактер,на третата и четвртата точка им е законскиот рокдоспеан, затоа предлагам веднаш да минеме на расправа по дневниот ред, а пратеничките прашања да ги оставиме на крајот од седницата.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Процедурално.

Почитувани пратеници, сакам да предложам пратеничките прашања да биде навика на работа на парламентот да се држат на почетокот на секоја седница од повеќе причини. Скоро секогаш на почетокот на седницата е поголем бројот на министрите присутни на седницата. развлечувањето на седницата, а посебно на крајот на седницата, може да се констатира секогаш дека воопшто нема присутни министри и со самото тоа губи на тежина таа институција пратенички прашања. Доколку сакаме да развиваме демократија во оваа држава, мораме да учиме од поразвиените демократски земји . Пракса на работа во сите развиени демократски земји со стогодишна демократија се токму пратеничките прашања, акај нас имаме случај оваа институција пратенички прашања до

крајна граница да е девалвирана, господата министри по мое мислење, тоа морам да го кажам голем дел од нив се однесуваат не сериозно најблагоречено во однос на оваа институција пратенички прашања. Имаме случај да се одговара исклучиво по писмен пат после месеци и месеци на поставеното прашање, кога веќе губи од својата вредност пратеничкото прашање.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ**:(продолжение)

Така што сметам, а еве и неколку седници по ред, ги скокаме пратеничките прашања. Затоа инсистирам и во иднина стално ќе инсистирам, пратеничките прашања да бидат на почетокот на седницата и одговорните да бидат давани по усмен пат. Да престане праксата да добиваме одговори по писмен пат, зашто давајќи одговор по писмен пат, ниту јавноста ниту ние како пратеници можеме да судиме за квалитетот на министерот, дали министерот вреди, дали си ја познава работата или некој друг таму му ги пишува одговорите и нас ни ги праќаат. Инсистирам пратеничките прашања да бидат поставувани на почетокот на секоја седница и одговорите да биваат давани усмено и овде на оваа говорница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, ние имаме пракса пратеничките прашања да бидат на почетокот на седницата и тоа кога имаме редовни седници. Овде сега на оваа седница имаме точки од итен карактер и може да се случи заради пратеничките прашања некои од нив да не можеме денеска да ги разгледаме, а веќе е попладне. Тие и затоа се итни, затоа што требаше вчера да ги разгледуваме, а не денеска.

Молам, предложив пратеничките прашања да ги оставиме за крајот од седницата.

Дали се согласувате?

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Не можете да одлучувате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да, да, затоа и така одлучувам. Овде не можете и вие г-дин Пановски, ви дадов збор и сега кога ќе побарате друг пат ќе си земете збор, немојте да ја сметате седницата.

Кој е за овој мој предлог, молам нека крене рака?(пратениците креваат рака).

Педесет и четири пратеници гласаа "за".

Дали е некој против?(10 пратеника)

Дали некој се воздржува од гласање?(10 пратеника)

Констатирам дека пратеничките прашања ќе бидат разгледани на крајот на седницата.

Минуваме на **точката 1** - Предлог на закон за наследување на членството во меѓународниот монетарен фонд од страна на РМ.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за економска политика и развој и Комисијата за финансирање и буџет и ЗПК Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Сакам да кажам дека ќе гласам против овој закон. Сакам да образложам и зашто ќе гласам против овој закон. Сметам дека членството на Македонија под ова име "бајрам" односно БЈРМ во ММФ, дека не е потребно и дека ние доколку побаравме под уставното име, верувам дека ќе бевме примени и ќе бидеме примени во членството ММФ, од проста причина што ММФ има корист од нашето членство таму, бидејќи со самото зачленување таму ги прифаќаме и ги признаваме долговите што како Република ги имаме од бившата СФРЈ. Мислам дека доколку побаравме, а

ние не сме ни барале да влеземе под името Република Македонија во членството на ММФ, ќе бевме примени. Нив им е важно во ММФ ние да го прифатиме долгот кој е остварен уште за времето на бившата СФРЈ. Кај банкарите тоа е најважно, а не е толку важно под кое име ќе бевме зачленети. Доколку тогаш ние побаравме членство на Република Македонија под уставното име во ММФ и бевме одбиени, тогаш ќе можев и да бидам доведен во ситуација да размислувам дали ова беше прикладно решение или не. Вака дозволете, јас ќе бидам против.

(со седницата продолжи да раководи потпретседателот Џеладин Мурати).

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој бара збор.

Има збор министерот за финансии г-дин Џевдет Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Во текстот на законот кој што ви е доставен од Владата на Македонија стои името на Република Македонија. Јас не велам уставно затоа што тоа имплицира дека постои и некое неуставно име. Според тоа на дневен ред е текст на закон во кој нема ниедно друго име освен името Република Македонија. И нас никој не ни поставил никаков услов да не го примениме името Република Македонија во постапката за продолжување на членството на Македонија во ММФ.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Изгледа дека во оваа држава хипокризијата достигнала невидени размери и висини. Ние за цело време тука изгледа си играме како малите деца што играат жмурки. Секој кажува едно, а потоа излегува друго. Сите тука ние се убедуваме дека не сме дале согласност за членство во ООН

под тоа име БЈРМ, па потоа излегува дека одредени министри во Владата не биле запознати, па потоа излегува дека Владата дала согласност и цело време си играме криенка. Министре Вие не можете да ме убедите дали сте барале вие прием во ММФ под нашето уставно име. Само тоа кажете ми го.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Молам, на дневен ред е закон, а не името на Републиката.

Збор има г-дин Џевдет Хајредини.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Такво барање не е ни на дневен ред. Овде е предложено членството на Македонија во ММФ да се остварува по една друга постапка за која што јас вчера зборував. ММФ сам без ничија иницијатива ја избриша Бивша Југославија од членството и ги повика државите кои претендираат да ја наследат, да се одлучат дали се согласуваат, а при тоа не спомнувајќи никакво име , ниту за нас, ниту за другите земји наследнички, затоа што тоа не е предмет на работа на ММФ, туку на ООН. Како институција на ООН, работа е на ММФ да ги применува актите на Генералното Собрание на ООН, без нас да не праша.

Постапката за продолжување на членството е по предлог на Одборот на извршните директори да се изјасниме во рок од 6 месеци. Притоа, значи не признале дека сме една од наследничките, што е многу важно и не е спорно, ги распределиле правата и обврските и ни дале рок до 14 јуни 1993 година да се изјасниме по нивниот предлог, дека се согласуваме да бидеме членка на Фондот и тоа сметајќи од времето кога Фондот е основан. Поповолна варијанта за Македонија не може да се замисли. Доколку до тој рок 14.06.1993 година ние не одговориме на барањето на Фондот, значи со закон да изразиме желба дека го прифаќаме нивниот предлог да бидеме

наследничка во Фондот дека ќе ги извршуваме пристигнатите обврски, за кои вчера реков не се големи, за квотата за доспеаните квоти, да се уплатат. Доколку тоа до 14.06. не го направиме, тогаш ќе биде потребно Македонија да бара, подвлекувам тогаш да бара членство , да стане нов член од денот кога ќе биде тоа. Таа постапка, сакам да ве информирам дека може да трае со години. Јас не тврдам, меѓутоа, ќе биде подолго време. Тоа се веќе сосема други услови, па ќе се постави прашањето за уплатените квоти од 1948 година до сега, нашите права во тие квоти итн. Тоа би била една најнеповолна варијанта за Македонија, да ја пропушти шансата во овој рок да ги прифати предлозите на Одборот за извршните директори на ММФ.

**ГЛАСОВИ ОД МЕСТО:**

Под кое име ?

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Под името што вие во Предлогот на законот, што ви е доставен на почетокот на февруари. Во циркулација и комуникација на Владата и Парламентот никаде не фигурира друго име. А, јас ќе ве потсетам на еден друг момент, дека овој Парламент ја усвои информацијата за активностите во Владата во врска со зачленувањето во меѓународните финансиски организации каде стои, тој пасос можам и да ви го цитирам дека ние не можеме да диктираме било кому надвор ниту да поставуваме услов со какво име тие нас ќе ни се обратат. Меѓутоа, исто така, никој досега , барем, а Фондот најмалку нас ни се мешал во комуникацијата со фондот да го употребуваме името Република Македонија. И тоа го правиме и во досегашната комуникација со Фондот.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Најпрво г-дин министер кажа една дата, многу сум му благодарен што ја кажа дека 14.06. е крајниот рок до кој што треба да се изјасниме. Денеска е 13.04., значи точно уште два месеци. А г-дин претседател на Парламентот цело време нас овде не манипулира дека е од итен карактер , и дека пратеничките прашања, два-три саата ако траат дека ќе изгубиме на итноста итн.

(реакција од пратениците на позицијата)

Господа бивши комунисти, ако не ви се свиѓа еве ја вратата, тука е. Јас знам дека, дека вие не сте спремни да чуете спротивно на вашето мислење. Јас само едно ќе ви кажам, дека ние со зачленувањето во ММФ во овој момент, ние само ќе си ги потврдиме нашите обврски. Каква ќе биде корист ќе покаже времето, бидејќи ММФ туку така не дава пари, туку преку тие нивни познати стенд баер аранжмани, како ги викаат, има тука финансиски стручњаци, тој бара и одредени обврски, кога треба да се даваат тие нивни кредити и помош. Во нашиве услови треба да се задоволат тука и некои монетарни и фискални услови. Јас мислам дека под овој услов доколку прифатиме влегување во некои од тие стенд- баер аранжмани, мислам дека политичката клима, политичката состојба ќе дестабилизираме од многу познати причини, кои вам министри, знам дека ви се познати. Зошто, земањето кредит од ММФ; туку така не се даваат, туку тие одредуваат услови една одредена инфлација што треба да ја заволиме, а доколку ја задоволиме таа одредена инфлација, не ќе можеме туку така да печатиме пари во Прилеп и да го стишиме социјалниот бунт. Не ќе може во предизборието да се печатат пари за пензионерите за да гласаат за одредена структура. И уште еднаш јас само би ви заблагодарил што кажавте за итноста. Ние имаме уште два месеци да се изјасниме, и мислам дека требаше да се чуе гласот на стручњаците од оваа област кои

што ги имаме во Македонија. А, ги имаме јас ви гарантирам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор министерот Љупчо Трпески.

**ЉУПЧО ТРПЕСКИ:**

Почитувани пратеници нема поповолна варијанта од оваа што ММФ ја даде за Македонија. За Словенија беше сеедно дали ќе биде примена како наследничка на бивша СФРЈ или како нова членка. Таа пристануваше и како нова членка зашто има големи средства. Македонија, и покрај инсистирањето на Словенија што побрзо да биде примена, макар и како нова членка, Фондот одлучи сите 5 земји да бидат наследнички на Фондот и даде рок до 14.06., али да се заврши комплетната процедура. Словенија и Хрватска уште во јануари и ја завршија процедурата, затоа што на секоја земја и се брза да стане членка на Фондот за да се отвори меѓународниот пазар на капиталот. Во спротивно ние сме блокирани од цел свет, ако не сме членка. Само да ве потсетам Швајцарија не е членка на ООН али не можеше да издржи да не биде членка ММФ: Таа минатата година побара прием и се зачлени. Единствено Северна Кореја, г-дин Пановски не е членка и таа на сака да биде, а и вие сега го заговарате тоа да не бидеме членка на Фондот. Процедурата за да се стане нова членка е макотрпна работа, а нам ни пропаѓаат средствата што ги имаме во тој фонд. А треба нови средства да издвојуваме и во наредните 6 години, јас ви гарантирам дека не можеме да бидеме членка, ако сега не го донесеме овој закон. Ако го донесеме овој закон од 3 до 10 дена, ќе чуете вест дека Македонија е веќе членка на ММФ: А ние немаме неплатени обврски спрема ММФ. Според тоа тој нема интерес заради обврски, зашто ние немаме неплатени обврски према ММФ. Имаме само средства таму кои ќе ни пропаднат, доколку не го усвоиме законот.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Повторно има збор г-дин Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Вие господине министре погрешно ме разбравте. Јас не сум против членство. Јас сум против овој закон што се нуди овде. Јас барам итната постапка да се тргне и да се чуе гласот на тие што се стручњаци, не сте само вие тука стручњаци, има и други стручњаци и други. Дајте да го чуеме нивното мислење. Зашто се манипулира со итноста. И плус тоа ние таму ќе бидеме членка во ММФ како БЈРМ. Тука да не се лажеме. И кога ќе влеземе веќе еднаш како БЈРМ и во наредните 100 години ќе бидеме како БЈРМ:

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор госпоѓа Славјанка Стојанова.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВА:**

Најпрво да кажам дека Комисијата за финансирање и буџет го разгледа овој Предлог-закон и едногласно го прифати, тргнувајќи од потребата за донесување на овој закон и од уставниот основ што постои. Тоа е една работа.

Втората работа, јас исто така сакам да истакнам и да нагласам дека ова не е закон за зачленување туку убаво стои во законот дека ова е закон за наследување на членство во ММФ и ние како Република не смееме да дозволиме да бидеме надвор од светските текови. Не смееме да дозволиме да бидеме во изолација која што досега принудно ја имавме, заради тоа што ние бевме членка на ООН.

Понатаму ако ми дозволите јас сакам да кажам само едно и да го прочитам законот што денеска ни е на дневен ред , треба да го разгледаме и сигурно да се произнесеме по него. Овој закон гласи: (реакции од пратениците од опозицијата) дозволете господине Котевски, јавете се после мене, дозволете јас да си го кажам своето мислење, за кое што мислам дека имам право (претседавачот интервенира за мир во салата).., и за кое што мислам дека вчера толку исцрпно ве слушавме и вака имајте трпение малку и ние да кажеме нешто. Еве века гласи законот: "Предлог за донесување закон по итна постапка на Закон за наследување на членството во ММФ од страна на Република Македонија". Мислам дека со самиот наслов на законот доста се кажува. А исто така, сакам да потенцирам и да укажам на следното.

**СЛАВЈАНКА СТОЈАНОВСКА**: (продолжение)

Кога овој Парламент во целата досегашна активност се залагаше за меѓународно признавање, тоа секако подразбираше исто така влегување и во меѓународните финансиски институции. Не смееме да дозволиме да бидеме во ситуација на целосна изолација. Мора да се поврзуваме со светот. Една од таквите меѓународни институции е и ММФ, исто така тука и светската банка за обнова и развој, тука е и Европската банка за обнова и развој, па ќе ми дозволите да кажам и следното: секоја држава сака и настојува д биде членка на овие меѓународни институции. Мислам дека нема ништо спорно и да не правиме од ништо нешто, заради тоа што влегувањето во овие меѓународни институции покрај другото исто така значат и обврска на членката, но исто така значат и одредени права на членката која влегува во овие меѓународни институции.

Мислам дека не држи делот од излагањето на претходниот дискутант кој кажуваше дека треба ад се консултираат професорите пошироко, луѓето што се стручни во оваа област. Јас не би ги потцениле луѓето во Владата и кои работат на оваа проблематика. Сигурно тие имале и пошироки консултации, сигурно дел од она што значи денешно донесување на законот е исто така инсконсултирано и во стручните кругови, но исто така и со ММФ. Мислам дека ни ден не треба да се оддолжува донесување на овој закон. Иако имаме рок до јуни месец но тогаш треба да заврши целокупната постапка за влегувањето во членувањето на ММФ.

Исто така мислам дека денес, ако добро го проучивте законот во членот 2 стои дека на територијата на РМ важат одредбите на Статутот на Фондот со измените и дополнувањата донесени во 1969 година, 1979, 1992 година со сила на закон и се објавуваат како составен дел на овој закон.

На крајот да го кажам и моето мислење, но исто така да го потенцирам и мислењето на Комисијата за финансирање и буџет. Со оној кворум што го имаше обезбедено Комисијата ние ги чекавме 2 часа и 45 минути другите членови но не дојдоа на седницата, а со оној дел што го имавме како кворум, што го обезбедивме Комисијата беше едногласна во потврдата од потребата од донесување на овие закони.

**ФАИК АБДИ:**

Мислам дека на Македонија и на колегите кои се смеат овде во првиот ред треба да им биде нешто јасно. Има правило кое важи за сите земји во светот ако сакаат да бидат членки на Меѓународната банка за обнова и развој, светската и Европската банка. На нив прва инстанца им е ММФ, тоа е услов. Заради тоа не треба ние многу да зборуваме, ние само треба да го поздравиме ова. Всушност, некаде декември месец кога бев кај амбасадорот на Индија околу признавањето на Македонија првото негово прашање беше дали ќе прифатите она што се договоривме ние Меѓународниот монетарен фонд. Му реков најверојатно ќе прифатиме, а тој рече потрудете се поскоро тоа да го направите. Значи, ова треба без услов да се прифати. Тоа е одлична работа.

**БОРКО ГОРЧЕСКИ:**

Ми се чини дека никој нема да има против за примањето во тоа членство него овде Михаил Пановски сосема нешто друго праша што и мене лично ме интересира.

Знам колку е тешко да не бидеме примени во тоа членство и колку ќе биде тешко ако бидеме или не. Јас стриктно прашувам и барам стриктен

одговор, а тоа е дали ќе бидеме примени како Република Македонија или како бивша југословенска Република Македонија. Само тоа сакам стриктно да ми се одговори, а друго знам дека треба да бидеме примени.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ми се чини дека во законот е тоа решено.

**ДРАГИ ГРОЗДАНОВСКИ:**

Почитувано Собрание, една мала прецизност. Се работи за предлог на закон за правното наследство на РМ на членство во ММФ. Тоа е една работа и второ, сакам да укажам нешто како член на ЗПК каде беше присутен и министерот, а тоа стои во извештајот на ЗПК. Таму укажував на потребата дека Владата би била должна, по мое мислење се разбира кон предлогот за донесување на овој закон да ги приложи, како тука стои, и соодветните материјали. Конкретно се мисли на одлуката на Извршниот одбор на фондот од 14 декември 1992 година. Ако нема други пречки јас и таму замолив, ветено ми беше да не се условува седницата со таа одлука, јас тоа апсолутно го прифатив, јас тоа и сега го прифаќам, таа одлука во текот на седницата да ја добиеме па да видиме што пишува таму, ако нема други пречки.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

И одлуката на фондот и Резолуцијата на банката, текстот на англиски го имаме овде и кој сака може да ги прочита.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕЕВСКИ:**

Пратеникот Михаил Пановски своето излагање искажа една многу добра реченица, а тоа е дека, за жал, хипокризијата односно лицемерието во оваа држава веќе го зема својот највисок замав. Господа од Владината коалиција не се работи за прашањето дали сака некој или не сака Македонија да влезе во сите овие институции Говорот е многу јасен дека сите ние сакаме. Проблемот е во тоа што овде повторно ни се прикажува некоја приказна, а тоа е еве, гледате вие како стои овде законот дека стои Република Македонија. Меѓутоа, не е проблемот ние како ќе се викаме туку како таму ќе не викаат и под кои услови ги прифаќате тие договори. Ако не друго прашањето исто така неколку пати беше поставено до министерот да се одговори и да се каже јавно под кое име влегува Македонија во сите овие аранжмани.

Господо, јас овде гледам дека она што се нарекува манипулација до државата , лажењето на овој народ што настана од господаста комунисти, веќе доаѓа навистина до крајни граници, еве само влегува во една своја нова фаза. Вчера и завчера расправавме за името на државата бивша југословенска република Македонија. Разговаравме уште за еден нон сенс што не и се случило ниту на една држава а тоа е во зачленувawето на ООН да го изгубиме и знамето, а денес го навикнуваме народот за новите лаги. Денес веќе на овој народ му понудувате 4 аранжмани, 4 нови со името бивша југословенска РМ. Јас не можам ништо да ви кажам друго господа, освен само да ви честитам и продолжете со своите лаги, со своите манипулации, далеку ќе стигнете.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Прво, јас како претставник на Владата сакам да изјавам дека мене не ми е својствено ниту хипокризија ниту јас лажам. Тоа треба да му биде јасно на секого. Јас и сега во својство ка претставник на Влада го кажувам тоа и јас не би бил претставник на Влада ако би бил принуден да излезам овде и да лажам и хипокризија да продавам. Тоа треба на секого да му биде јасно и секогаш.

**ЉУПЧО ТРПЕВСКИ:**

Мислам дека незнаењето не ги оправдува овде пратениците. Мислам дека пратениците, најголемиот дел од нив знаат дека ММФ и Меѓународната банка за обнова и развој се организации на ООН. Можат ли тие друго име да користат освен она што е утврдено во рамките на ООН. Господа пратеници, ако слабо ве служи памтењето, јас се извинувам во јануари уште Владата ни достави информација. Таа овде се разгледа и се усвои. Сите, вклучувајќи ја и пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ гласаше за таа информација освен пратеникот Михаил Пановски. Во таа информација ви соопшти дека на втора страна карактеристично за сите финансиски организации што во нивните материјали и во некои обраќања до РМ не се користи нејзиното уставно име туку називот поранешна југословенска РМ. При тоа редовно се нагласува дека овие организации"не земаат страна во спорот меѓу РМ и Грција" и дека називот поранешна југословенска РМ само провизорно и привремено ќе се користи додека не се надмине тој спор во рамките на другите надлежни меѓународни институции. Оваа информација беше разгледувана на парламентот и вие ја усвоивте.

**БОРКО ГОРЧЕСКИ:**

Ми се чини дека јас бев јасен кога кажав овде од говорницата и не употребив зборови лаги или нешто друго или што се коментира некакво незнаење, неразбирање. Нема да употребувам такви зборови. Ми се чини доследно бев јасен и реков да се каже од овде од оваа говорница под кое име ќе бидеме примени за да дури сега на крајот министерот се изјасни дека ќе бидеме примени под бивша југословенска Република Македонија. Јас тоа го барав да се каже и ми се чини дека не беше тешко прво да се кажеше. Зошто, еднаш веќе нека знае народот отсега натаму сме тоа. Повеќе не сме ништо.

**ЉУПЧО ГЕОРГИЕВСКИ:**

Излегов овде да кажам дека ми е мошне мило што министерот без портфељ во Владата на РМ г-динот Љупчо Трпевски го кажа она што го баравме цело време. И мислам дека тоа истото треба да цм се каже на левата коалиција која гледам и пред малку реагираше и сега реагира. Навистина ми е мошне мило што го потврди она што го баравме и јас верувам дека тоа го кажавте на почетокот, немаше да има потреба од таква дискусија.

**МИТКО АНАСТАСОВСКИ:**

Сега видете какви сме лоши луѓе. Веднаш ако не увреди некој ние стално сме увредени, треба стално да сме налутени. Тоа беше пракса г-дине министре, пракса беше порано да се лаже.

(од место министерот Хајредини дека тоа не е негова пракса) Вие на некој начин господине министре се оправдавте. Јас тоа сакав да кажам. Меѓутоа, реперкусиите од тој договор какви се ако е така како што кажа, јас

верувам дека е така, дека сме примени така и никој тоа не може да го исправи бидејќи таа организација е створена од ООН и ние сме примени и ќе се викаме како бивша југословенска република Македонија. Сите реперкусии кои ќе следат понатаму и товарот ќе го повлечеме со таа редуцирана, ми се чини Југославија. Затоа треба ас се внимава.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Јас сега го земав од министерот писмото, односно материјал изгледа по телефакс е добиено, на англиски јазик е. Датумот е 23 декември 1992 година. Мене ми е многу жал што ние како пратеници не се најде за сходно да бидеме запознаени односно да ни се достави макар и во вид на фотокопие.

(се слушаат гласови односно интервенции од Владата дека не е таа дата туку е 8 јануари 1993 година)

Добро, датумот не е толку битен, ова што ќе го прочитам е многу побитно. Имено, овде се наведени републиките на бившата СФРЈ кои ќе бидат зачленети. Вели: Republic of Bonia and Herzegovina, Republic of Croatia, Republic of Former Yugoslav Republic of Macedonia, Republic of Slovenia, Federal Republic of Yugoslavia. Значи сме ние бивша југословенска република Македонија. Некој уште многу одамна дал согласност и така ние по тоа име фигурираме таму.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Според тоа, ништо ново. На 23 декември примена на 8.01. Парламентот детално информиран. Тоа што е заборавено тоа е друг проблем, ние можеме да го повториме сето тоа. Значи, ништо ново, ништо

ново не откривме денес него со информација од пред 2 месеци Парламентот бил информиран и за одлуката и за содржината на одлуката и т.н. и тоа благовремено. Сега, законот го носиме. И законот уште пред 2 месеци е предложен да се донесе. Тоа што ние доцниме во постапката во Парламентот не ни дава за право се повторно овде да расправаме.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас го имам службениот весник нас РМ број 46 од 29 јули 1992 година каде што врз основа на член 121 од Уставот на РМ е донесена одлука за стапување на РМ во членство на ООН. Значи, одлука по член 121 од Уставот. Законот што се предлага се заснова исто така на член 121 од Уставот, а во член 121 од Уставот на РМ се вели: одлука за стапување на членство или за истапуваше од членство од меѓународни организации донесува Собранието со мнозинство гласови од вкупниот број на пратеници по предлог на претседателот на Владата, пратеници и слично. Ме интересира ако веќе во Уставот е кажано дека се носи одлука зошто во ООН се обративме со одлука а сега во монетарниот фонд со закон. Мислам дека за тоа треба да се даде образложение, а монетарниот фонд во споредба со она во степените е пониско, а му даваме поголемо значење и одиме со закон.

**ЏЕВДЕТ ХАЈРЕДИНИ:**

Јас не сум правник само господинот Стевковски овде спореди два различни акта. Таму одлука за да се поднесе барање за зачленување, овде не носиме таква одлука и зборот одлука овде е кога се пропишува дека надлежните органи носат одлуките можат да имаат разни облици. Ако е Парламент, тој одлучува и со закон. ММФ ни сугерираше да донесеме закон за изразување на оваа готовност да станеме наследник на членството, затоа што сите земји во светот членки, а тоа се скоро сите членки на ОН со закон се зачленувале. Тоа го направи Словенија и Хрватска и сите други бивши републики на СССР. Ни беше сугерирано, ние сме соработувале и со нивните експерти, доколку вие инсистирате на тој член од Уставот дека мора кај вас актот да се вика одлука, ќе бидете единствена земја членка која ќе бидете со одлука. Цениме дека од тоа немаме некоја штета, ако ние бидеме исти како сите земји членки, па донесеме закон во Парламентот, а не одлука.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас не инсистирав, едноставно барав појаснување. Во кои случаи ако се повикуваме на чл.121 од Уставот се носи одлука, а во кои случаи се одлучува со закон. Бидејќи ако дозволите, во законот само на една страна од Уставот организациите и работата на државните органи се уредува со закон. Кажано е името на актот. Понатаму, кај судството постапката се уредува со закон. Од тука веќе кажува јасно што со закон, а што со одлука, од каде сега ова се уредува со закон. Само такво појаснување барам, ништо повеќе.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Мислам дека не е потребно да направиме проблем од оваа работа, затоа што ако се следи дикцијата на Уставот, земете го чл.68 и наредните членови каде што се спомнуваат по Уставот одлучува, донесува одлука и т.н., задача на Уставот не е да определи правна природа на актот, задача на Уставот е да каже дека Собранието одлучува. Па во таа смисла имате неколку примери во член 68. Вели ги утврдува јавните давачки. Според таа логика ако така се сведува Собранието што треба да прави. Да утврди јавни давачки, со што. Законодавецот односно тој што го напишал Уставот да сакал со Устав да ја определи и правната природа на актите, тој тоа ќе го кажел, меѓутоа, тоа не е задача на Уставот.

Или земете го примерот во чл.70. Собранието може да одлучи да работи без присуство на јавноста и така натаму со двотретинско мнозинство. Собранието одлучува тука. Таа не донесува акт во вид на одлука. Или трет пример, судот одлучува. Со што. Со пресуда. Собранието одлучува, може да одлучи и со решение итн. итн. Мислам дека барањето на ММФ актот што ќе биде донесен од страна на ова Собрание да биде закон е аргумент плус за тоа. Или на пример вели ратификува меѓународни договори Собранието. Со закон ги ратификува, меѓутоа не кажува донесува закон за ратификација на меѓународните договори и редица други проблеми. Индицијата на ч.121 е во таа смисла и така треба да се сфати.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господа повторно дојдовме овде да расправаме околу намерата на законодавецот кој го носи Уставот. Јас само ќе направаг напор да кажам дека Уставот во 70 и неколку случаи употребил ќе се одлучи со закон. На едно место во член 118 одлучил да врши прецизирање што значи одредницата закон. Тоа се однесува за ратификација на меѓународните

договори, кои откако ќе бидат ратификувани претставуваат составен дел на законодавството што не можат да се менуваат. Ова е за цврста гаранција на оние со кои државата кореспондира преку договори. Овдека 121 е токму во смисла и во служба на 118. Кога се говори за закон тогаш ќе има смисла ова да се ратификува и овој закон тогаш каков е таков е тогаш не може да се менува. Што значи дека стапувањето во овој фонд, ако дојде со закон, а не е со одлука, ние никогаш тој закон не можеме да го смениме, со тоа да кажеме не сме повеќе членови. Па и зачленувањето во тој фонд да биде на штета на државата, затоа што Уставот кога сакал да прави членство да нема сила на закон без можност државата да има обврска спрема странство, државата да може да интервенира, одлучува членувањето во меѓународните организации ќе се прави со одлука. Во член 68 покрај другите одредби и како Собранието одлучува во последниот став дава јасно вака предвидува. Мора оваа дистинкција да ја правиме господа. Собранието за вршење на работите од својата надлежност, а членот 121 е надлежно за Собранието со квалификувано мнозинство, бидејќи се работи за стапување во одредени меѓународни организации, кажува оваа одлука за разлика од другите мора да биде и може да биде донесена само ако за неа гласале најмалку 61 пратеник. Одлучува, донесува одлуки, декларации, резолуции, препораки и заклучоци. Ова се формите покрај законските одлуки што ги донесува Собранието. Господа во образложението самото министерство односно Влада сега говори дека се донесуваат вака, меѓутоа, што постапиле Чехословачка Словенија, Хрватска и Чешка и Словачка, затоа што ние треба да" одлучиме со закон. Што ќе биде ова. Одлуката, за која господинот Стевковски говореше за зачленување во ОН е одлука која мора да се донесе со 61 глас, а ние можеме обичен закон да го донесеме со

41 глас и да вршиме ратификација на статут на една организација што е дел од ОН. Значи што? Ако сега не го донесол статутот, таму јасно говори дека статутот државата ќе гарантира, не е во спротивност со законот на државата, затоа што има држави кои говорат со позитивно законодавство, државата не може да стапи во ваква организација, не може да прифаќа вакви одлуки, не може да почитува вакви статуси. Имате само едно, немојте да се смешкате, и тоа е можно, затоа тој статут има содржина. Албанија имаше уставна обврска да не може да се задолжува со било која финансиска институција, или да бара задолжување кај друга држава. Тоа беше нејзина уставна, односно законска обврска. Затоа фондот во еден од своите членови говори дека фондот, односно статутот треба да биде прифатен. Тогаш вели да не е во спротивност со законот на државата што го прифаќа статутот. Тоа Владата која потпишува треба да го прифати. Одлуката ја донесува Собранието, а статутот и пристапување кон овој фонд го презема Владата. Јас не говорам за заклучокот на Комисијата има определен известител, тоа е господинот Ефтим Манев, тој има право да говори во име на комисијата, таму има издвоени мислења, јас не кажувам ова говорам од име на комисијата. Говорам од свое име. Кога ќе дојде на ред да се правда ставот на Комисијата тоа е друго прашање. Вршам свои анализи. Што понатаму. Од Комисијата беше поставено едно барање вакво: да се задолжи Владата да ги достави правните акти со кои и со каков акт бившата СФРЈ пристапила на овој фонд. Дали со одлука, дали со закон, или со што. Тоа не го гледаме. Ни тогаш, ни сега. Затоа ве молам каква обврска треба ова Собрание сега да направи. Дали законска или со одлука. Дали ќе одиме на верификација, односно да не може да се менува тој закон. Па не може да се менува, ќе има значење на меѓународен договор.

Меѓународните договори што се ратификувани во согласност со устав се дел од внатрешниот правен поредок. И неможат да се менуваат со закон. Па ова е наша уставна обврска, јас незнам до кога ќе одиме на импровизации. Сакаме да имаме многу појака одредба што оној што ќе го склучи тој договор, односно ќе се пријавиме, ќе го чита овој устав и тој ќе говори да го прифатите во согласност со вашиот устав и ќе ни бара најмалку 61 глас. Ако го изгласаме со 60? Значи овдека можеме се, а на страна ќе ги лажеме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, навистина не ми е сфатливо како можеме за тривијални и од формално правен аспект кристално јасни работи да губиме толку време. Законодавно- правната комисија дала позитивно мислење за овој закон. Тоа е добро што дала такво мислење. Еве поради кои причини. Ние во Уставниот закон внесовме одредба. Еве да ве потсетам само. Не со 61, туку со 80 гласа изгласавме. Член 3 став 2 вели Република Македонија како рамноправен правен наследник на СФРЈ со другите републики, го презема членството на СФРЈ во меѓународните органи и организации и заедници. Според тоа не 61 глас како овде се обидуваше да се прават импровизации, туку со 80 гласа го усвои ова Собрание. И тоа не е спорно ве молам. Врз основа на тоа сега се носи закон под сугестиите на ММФ како што е и тоа практика во светот. Во тој закон никаде не стои како овдека се правеше обид да се прави дека Република Македонија се обраќа до меѓународните институции со име кое што не е уставно. Каде стои во законот со кое што носиме ваква одлука дека сме бивша југословенска република Македонија, а кое е тоа наше право како ние на ММФ ќе му

наложиме одлуката што ќе ја донесе ММФ во врска со Македонија. Според тоа, овдека станува збор за меѓународна организација која функционира врз основа на меѓународни повелби, статути и спогодби и т.н. Ние со уставниот закон пристапивме како наследници на поранешната СФРЈ, а сега ги уредуваме непосредните односи со ММФ. Во него кажуваме Република Македонија само дека ги прифаќа тие обврски. Според тоа, ако е целта се да се одолговлечува одовдека, Македонија да нема никаква меѓународна помош, да не се зачленува во финансиските институции, туку овдека да се продлабочува сиромаштијата, бедата, социјалните немири, кажете отворено. Од формално правен аспект работата е многу чиста и кристално јасна. Немојте да се манипулира со народот дека некој од оваа влада сака на мала врата да протне нешто што не е наша уставна обврска. Ние пристапивме кон овие меѓународни организации со двотретинско мнозинство со 80 гласа и ништо друго.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ:**

Почитувани пратеници, излегов да кажам една работа. Не е трагедија доколку некој пратеник од Парламентот не познава некои работи. Има во Парламентот 120 пратеници, веројатно ќе се најдат поголем број кои ја познаваат оваа проблематика и ќе донесат праведна одлука. Меѓутоа, трагедија е кога некој пратеник кога ќе стане и е убеден дека тој тоа што го зборува му веруваат и пратениците и граѓаните и народот и сите. Тоа е трагедијата.

Сакам да кажам уште една работа. Јас потполно ја оправдувам опозицијата. Искрен да бидам да сум јас на страна на опозицијата би бил уште поарогантен и уште побезобразен. Меѓутоа, не можам да ја разберам позицијата која не е во состојба да ја користи својата предност, како

позиција и дозволува помал број, односно малцинството ја користи улогата и позицијата на Парламентот и да диктира со работата на самиот Парламент. Дајте ако сме позиција да бидеме сите тука на место и да ја користиме демократијата. Што е демократија? Демократијата е гласањето, изјаснувањето. Со гласање, со изјаснување да се произнесеме демократски дали сме за одредена работа, или не сме за одредена работа. Зошто ги одолговлечуваме така седниците, ги правиме јалови, ги нервираме и граѓаните, а се нервираме и самите ние, измислуваме некои работи кои навистина го деградираме дигнитетот и на Парламентот и на самите нас.

**ВАНЧО МЛАДЕНОВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Висината на демократијата е навистина секој пратеник да биде способен во секој момент да се произнесе по одредено прашање, праведно, рационално, корисно, за себе, за државата, за сите. Тоа е работата на Парламентот. Ве молам, барем, се обраќам на позицијата, ние така да се однесуваме, да седиме овде на своите места, да не излегуваме често, да бидеме во состојба во секој момент да гласаме и праведно да донесеме одлука.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Тодор Петров поднесе амандмани на насловот на законот, на член 1, член 2, член 3, член 4 и на член 7.

Владата на Република Македонија се согласи со амандманите на насловот на законот, на член 1, на член 2, став 2, на амандманот на член 3 и на член 4 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Владата на Република Македонија делумно се согласи со став 1 на амандманот поднесен на член 3.

Пратеникот Тодор Петров, на седниците на Комисијата за финансирање и буџет и на Законодавно- правната комисија ги повлече дел од амандманот поднесен на член 3 и на амандманот на член 7.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Молам службите да ги повикаат пратениците и да се изборјат присутните.

(Службите ги бројат присутните пратеници во салата).

Информиран сум дека 68 пратеници се присутни во салата.

Кој е за, молам да крене рака? (61 пратеник).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (7 пратеници).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за наследување на членството во ММФ од страна на Република Македонија.

Минуваме на **точката 2** - Предлог на закон за правното наследство на Република Македонија на членството во Меѓународната бан- ка за обнова и развој, Меѓународната финансиска корпорација, Меѓународното здружение за развој и Мултилатералната агенција за гарантирање на инвестиции и ефектуирање на членството на Република Македонија во Европската банка за обнова и развој.

Предлогот на законот и извештаите на Комисијата за економска политика и развој, Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно-правната комисија ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на закон го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (65 пратеници).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (5 пратеници).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за правно наследство на Република Македонија на членството во Меѓународната банка за обнова и развој, Меѓународната финансиска корпорација, меѓународното здружение за развој и Мултилатералната агенција за гарантирање на инвестициите и за ефектуирање на членството на Република Македонија во Европската банка за обнова и развој.

(Пратениците бараат пауза за ручек).

Предлагам пауза до 16 часот, но молам точно во 16 да почнеме.

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,05 часот)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа.

Минуваме на **точката 3** - Интерпелација за работата на членот на Владата и министер за внатрешни работи д-р Љубомир Фрчковски.

Интерпелацијата ви е доставена.

Отворам претрес.

Дали некој од подносителите на Интерпелацијата, нејзини потписници, сака да ја образложи?

Има збор господин Стефковски.

**ТОМИСЛАВ СТЕФКОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници.

Во почетокот, при утврдувањето на дневниот ред искажавме едно мислење за врската што постои помеѓу фактички продолжувањето на 56-та седница и оваа 60-та седница.

Оттука, сметаме дека со одржувањето на 5 6-та седница и расправата што ќе се водеше по тие информации ќе беше точно во функција и на расправата по Интерпелацијата за одговорноста на министерот Фрчковски и

во тој контекст и на одговорноста на министерот Пешев.

Оттука оценуваме и во името на потписниците на Интерпелацијата дека без одржување на 56-та седница не е целисходно воопшто да се расправа на оваа седница за Интерпелацијата за одговорноста на министерот Фрчковски и во однос на министерот Пешев.

Оттука, го повлекувам предлогот за Интерпелација во однос на министерот Фрчковски.

А, да не излегувам повторно, ја повлекувам и Интерпелацијата и за министерот Пешев, да не се расправа на оваа седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа, ние не можеме да расправаме за точките 3 и 4. Тие се симнуваат од дневен ред.

(Интервенција од страна на пратениците на СДС дека се работи за повлекување на интерпелациите а не за симнување на точките од дневен ред).

Се повлекуваат, немаме материјал. Не постои интерпелација. Ги повлече.

Ве молам, така јас кажав, и затоа ве молам внимавајте како тече седницата. Двете интерпелации се повлечени. Тоа се однесува и за точката 3 и за точката 4. Повлечени се.

Ние сега треба да продолжиме со точката 5.

Точката 6 сеуште не можеме да ја расправаме бидејќи Комисијата не завршила со работа. (Интервенција од страна на пратениците дека Комисијата завршила со работа).

Во ред, тогаш продолжуваме.

Минуваме на **точката 5** - Именување заменици...

(Интервенција од страна на пратениците на СДС, бараат збор).

Кој бара збор?

Алил Џаферовски бара збор.

**АЛИЛ ЏАФЕРОВСКИ:**

Со оглед на тоа дека за точката 6 немаме извештај од Комисијата за избори и именувања, сметам дека треба да се даде пауза додека дојде Извештајот од Комисијата.

Или, време е, мислам дека часот веќе помина и нема смисла да продолжиме. И онака сме изморени, вчера работевме до 1,30 часот после полноќ и треба да се одмориме, да продолжиме утре во 10 часот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи ли тоа дека пратеникот Џаферовски предлага сега да прекинеме со работа? (Значи).

Дали се согласувате со тоа?

(Пратениците од редовите на СДС и ПДП и НДП се согласуваат додека пак пратениците од ВМРО-ДПМНЕ и поедини независни пратеници реагираат со несогласување).

Вие се согласувате, а вие не се согласувате.

Колку што гледам, мнозинството се согласува.

Кој е за тоа да прекинеме сега нека крене рака? (Пратениците креваат рака).

Констатирам дека мнозинството е за тоа да се прекине седницата.

(Пратениците на ВМРО-ДПМНЕ бурно реагираат и бараат збор за процедурална расправа).

Бидејќи мнозинството се изјасни за прекинување на седницата, а вие што имате утре ќе си кажете, констатирам дека седницата е прекината.

Продолжуваме утре во 10 часот.

(Седницата прекина во 17,10 часот).